X

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
Бр. 04-557
15.07.2025 год.
ВИНИЦА

Врз основа на чл.37-е и чл.37-и од Законот за јавни претпријатија (Сл.весник на РМ бр.38/96, 39/2016...35/19 и сл.весник на РСМ бр.89/22), чл.3 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги бр.01-46 од 17.01.2020 год., а во врска со годишниот план за вработување на ЈП„Солидарност" Виница за 2024 год., бр.01-731 од 11.09.2024 година, Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈП „Солидарност" Виница за 2025 година бр.09-702/1 од 04.09.2024 година донесена од страна на Совет на Општина Виница, Позитивното мислење од МИОА бр.09-1736/4 од 31.12.2024 година и Писмената согласност од страна на градоначалникот на Општина Виница бр.10-720/2 од 14.07.2025 год., ВД Директорот на ЈП „Солидарноста" Виница објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС 01/2025**
**за прием на работници на неопределено време**

ЈП „Солидарност" Виница има потреба од вработување на работници на неопределено време и тоа: 4 (четири) извршители од групата на давателите на јавни услуги:

**I. Од групата на даватели на јавни услуги ЈП„Солидарност" Виница** има потреба од вработувања на работници на следните работни места , со следниот број иврршители:

**1. 2(два) извршители** на работно место **„Метач „** шифра на работно место КДР 03 05 В02 020 во одделение комунална хигиена , Сектор комунална хигиена и градско зеленило со основна нето плата 25.320.00 денари

**Посебни услови** кои треба да ги испулнуваат кандидатите за ово работно место:
- најмалку ниво на квалификувации I или основно образование,
- работно искуство не се бара .

**Други посебни услови**
- нема

**Работни денови**: понеделник-петок
**Дневно работно време**:07:00 -15:00 часот
**Работни часови неделно**:40

**2. 1(еден) извршител** на работно место **„Возач на специјално комунално возило „** шифра на работно место КДР 03 05 Б03 068 во одделение комунална хигиена, Сектор комунална хигиена и градско зеленило со основна нето плата 27.036.00 денари

**Посебни услуви** кои треба да ги испулнуваат кандидатите за ово работно место:
- најмалку ниво на квалификувации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,
- работно искуство не се бара .

**Други посебни услови**
- возачка дозвола Ц категорија

**Распоред на работно време**
**Работни денови**: понеделник-петок
**Дневно работно време**:07:00 -15:00 часот
**Работни часови неделно**:40

**3. 1(еден) извршител** на работно место **„Евидентичар на православни гробишта„** шифра на работно место КДР 03 05 Б04 053 во одделение управување со гробишта, Сектор комунална хигиена и градско зеленило со основна нето плата 24.792.00 денари

**Посебни услуви** кои треба да ги испулнуваат кандидатите за ово работно место:
- најмалку ниво на квалификувации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование,
- работно искуство не се бара .

**Други посебни услови**
- нема

**Распоред на работно време**
**Работни денови**: понеделник-петок
**Дневно работно време**:07:00 -15:00 часот
**Работни часови неделно**:40

**III.** Огласот се објавува заради зголемениот обем на работа на **ЈП„Солидарност“ Виница** и поради испразнети работни места по различни основи.

Сите кандидидати и групата на даватели на јавни услуги треба да ги исполнуваат следните општи услови:
- Да се државјани на РСМ,
- Активно да го користат македонскиот јазик,
- Да се полнолетни,
- Да имаат општа здравствена способност за работното место и
- Со правосилна пресуда да не им е изречена забрана за вршење на професија,

**IV.** Сите кандидидати(и групата на даватели на јавни услуги треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оргинал или копија заверена кај нотар:
- Уверение за државјанство,
- Ивод од матичната книга на родени,
- Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција,забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- Лекарско уверение за општа здраствена способност,
- Диплома за завршено соодветно образование,
- Пополнета пријава

Постапката за селекција за вработување се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавен оглас, проверка на приложениете докази и интервју.

Огласот трае 15 (петнаесет) дена , сметано од денот на објавување на огласот на огласната табла на претпријатието и во дневниот печат – во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазик што зборуваат најмалку 20% од ѓраѓаните кои зборуваат јазик различен од македонскиот.
Кандидатите пријавите со сите потребни документи да ги достават на адреса:
ЈП,, Солидарност,, Виница , ул,, Плачковички одред,, бб.Виница , лично или преку пошта.
Ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледуваат.

**ЈП „Солидарност“ Виница**
ВД Директор
М-р Игор Спасовски